**Урнек на Решение за именување ОЗЛП:**

Врз основа на член 41 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на РСМ“ бр.42/20), управителот ________________________________ (одговорно лице кај контролорот/обработувачот) донесе:

**Решение**
**за определување на офицер за заштита на личните податоци**

1. За Офицер за заштита на личните податоци во друштвото _________________ (назив на контролорот/обработувачот), го именувам __________________ (име и презиме), на ____________________________________________ (работно место) во ____________________________________ (организациона единица).

2. Офицерот за заштита на личните податоци (ОЗЛП), ќе ги врши следните работи:

- го информира и советува контролорот/обработувачот и вработените кои вршат обработка за нивните обврски според одредбите од ЗЗЛП;
- ја следи усогласеноста со ЗЗЛП, со други закони кои се однесуваат на заштитата на личните податоци во РС Македонија, како и со политиките на контролорот/обработувачот во однос на заштитата на личните податоци, вклучувајќи распределување на одговорности, подигнување на свеста и обучување на вработените кои што учествуваат во операциите на обработка, како и вршење на ревизии за заштита на личните податоци;
- ги изработува внатрешните прописи за заштита на личните податоци и документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
- дава совети во однос на процената на влијанието на заштитата на личните податоци и го следи извршувањето на процената во согласност со членот 39 од ЗЗЛП;
- соработува со Агенцијата за заштита на личните податоци;
- одговорен е за контакти со Агенцијата во однос на прашањата поврзани со обработката, вклучувајќи и претходната консултација од членот 40 од ЗЗЛП, како и советување според потребите за сите други прашања; и
- врши и други работи утврдени со закон и со прописите донесени врз основа на законот, како и со внатрешните прописи за заштита на личните податоци и со документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

3. ОЗЛП е должен да ја почитува тајноста или доверливоста во однос на извршувањето на своите работи, во согласност со закон.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Потпис на одговорното лице,